Junior Achievement Македонија

**Член на JA Worldwide и JA-YE Europe**

**Економско образование на млади менаџери**

**Орце Николов 113,**
**1000 Скопје, Македонија**
**Тел/факс: 02 32 32 653**
**e-mail:**
jmaneva@jamacedonia.org.mk
**www.jamacedonia.org.mk**

Скопје, 28.02.2014 година

**СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИ**

# Сакате да освоите 15.000 Евра од HYUNDAI? Аплицирајте на конкурсот за најдобар бизнис план!




Хјундаи и JA-YE Europe во соработка со Економско образование на млади менаџери -Junior Achievement – Македонија како и минатата година така и оваа година распишуваат конкурс за најдобар бизнис план кој ќе им помогне на студентите од Македонија да ги претворат своите бизнис идеи во реалност. Преку иницијативата „Брилијантни млади претприемачи" **(Brilliant Young Entrepreneurs)** најдобриот бизнис план кој ќе демонстрира иновација, ефективно планирање и потенцијал во реалниот свет ќе добие рекордни средства од **15.000 евра** со кои ќе може да започне сериозен и конкурентен бизнис. Покрај паричната награда победничкиот тим ќе добие и консултантски услуги од страна на економски експерти од овластениот претставник на Хјундаи за Р. Македонија, Кореа Ауто Трејд.

Цел на проектот е поттикнување на младите да ги искористат сопствените вештини на иновативен начин со цел да се поттикне нивниот претприемачки дух и можноста за самовработување.

Право на учество имаат студенти од сите факултети на возраст од 18 до 30 години, кои се на додипломски, магистерски или докторски студии.

Краен рок за поднесување на бизнис планот е **01.05.2014 година на e-mail:** competition.jam@gmail.com**.**

Доставената апликација ќе биде разгледана од страна на стручно жири и Ќе бидете информирани за статусот на апликацијата најдоцна до **10.05. 2014 година.**

Најдобрите 5 бизнис планови ќе бидат поканети да ги презентираат своите идеи пред стручно жири на 24.05.2014 година во Скопје.

**За Hyundai Motor Europe**
Хјундаи е една од најголемите автомобилски компании во светот. Таа произведува автомобили со одличен квалитет и дизајн со цел да ги задоволи специфичните потреби на европските клиенти. Hyundai Motor Company уште од самите почетоци во далечната 1967 година, за своја основа цел ја постави токму грижата кон корисниците. Во 2012, Hyundai достигна продажба од 444.000 автомобили, заземајќи пазарен удел од 3,5% од пазарот на нови автомобили во Европа. Повеќе од 70% се произведени во двете локални фабрики (Република Чешка и Турција).
www.hyundai.com/eu.

**Здружението "Економско образование на млади менаџери"- Junior Achievement Macedonia** е непрофитна организација , член на JA-YE Europe и JA Worldwide од 1997 година и е најголем провајдер на образовни програми за претприемништвото.
Преку иницијативата Brilliant Young Entrepreneurs, која е дел од Start-up програмата за универзитетските студенти на JA-YE Europe, минатата година титулата за најдобра Start up компанија ја доби тимот Wigoo и ја освои наградата од 15.000 евра и можност да го претстават својот бизнис план на европскиот натпревар на студентски компании кој се одржа во јули во Лиеж, Белгија.

**Wigoo** е компанија која што нуди софтвер со функционалности за брзо, едноставно и квалитетно издавање на дигитални содржини, систем кој има за цел да го олесни процесот на поставување на изданија во дигитален формат, каде истите би биле достапни за корисниците на мобилни уреди.

**Иван Ивановски- Тим лидер на Wigoo изјави:**
Почестени сме што ја освоивме оваа престижна награда. Start-up програмата на Junior Achievement беше одлично искуство за сите нас и ни помогна да научиме како се води бизнис. Овој натпревар ни даде поголема мотивација за да ја претвориме нашата идеја во вистински бизнис.

За повеќе информации посетете ја веб страницата www.jamacedonia.org.mk, www.brilliantentrepreneurs.org, Facebook/ Junior Achievement Macedonia или контактирајте со: Јасмина Манева competition.jam@gmail.com тел.02/32 32 653 , 075 451 362.